Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarja Publike për furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 02-694/1-3/2
14.04 20 21 год./vit.
Кичево - Kërçovë

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СТУДЕНЧИЦА„ Кичево

# ПЛАН
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
## На ЈП„ Суденчица„ Кичево

Кичево, Април 2021 година

Врз основа на член 26 алинеја 29 од Статутот на ЈП за водоснавдување „Студенчица" Кичево, а постапувајки по точка 2 од Заклучоците донесени на седницата Владата на Република Северна Македонија одржана на 2 март 2021 година, доставени со допис бр. 03-517/1 од 10.03.2021 година, Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица" на седницата одржана на ден 14.04.2021 година донесе

# ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА на ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ СТУДЕНЧИЦА,, Кичево

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Јавното претпријатие „Студенчица.. Кичево **врши дејност од јавен интерес** и стопанисува со Системот Студенчица, од кој се зафаќа сурова вода од изворот Студенчица и ја дистрибуира на крајните корисници, односно комуналните претпријатија на градовите Кичево, Прилеп, Македонски Брод и Крушево, како и технолошка вода за Рударско енергетскиот комбинат Осломеј.

Основач на јавното претпријатие е Владата на Република Северна Македонија.

Со работата на јавното претпријатие раководи Директор кој се именува од Управниот одбор на јавното претпријатие на јавен конкурс, јавното претпријатие има и заменик директор, орган на управување е Управниот одбор на јавното претпријатие составен од 9 члена, додека орган на контрола на материјално – финансиското работење е Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење составен од 5 члена.

Членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор ги именува Владата на Република северна Македонија

Законската поставеност на функционирање на јавното претпријатие е согласно Законот за јавните претпријатија .

Вработените во јавното претпријатие имаат статус на вработени во јавниот сектор и истите се јавни службеници и тоа : административни службеници, даватели на услуги и помошно технички лица.

## НАЧИН НА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА

**Со Планот за спречување на корупција , се предвидува да се преземат активности , да се воспостави систем за навремено реагирање и управување со ситуациите на судир на интереси и да се превземат мерки за спречување на корупцијата**

**Целта на овој План за спречување на корупција е да помогне во препознавање и спречување на судирот на интереси и воспоставување на механизми за справување со нив и да се препознае и спречи корупцијата во**

**јавното претпијатие во органот на раководење, органот на управување, органот на материјално инансиска контрола на работењето и кај вработените .Тоа ќе се постигне со превземање мерки и активности во вршењето на јавните овласувања, во спречување на корупцијата при вршење на работи од јавен интерес.**

Исполнувањето на целта за спречување на судирот на интереси и спречување на корупција во јавното претпријатие ќе се постигне преку обврски едукации за сите погоре наведени субјекти со кои ќе се овозможи отпорност кон несоодветно постапување. Спречувањето на судирот на интереси и на неговите појавни форми значи воспоставување на механизми за справување со нив пред, или во моментот кога тие настануваат.

## ОПШТО ЗА СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Судир на интереси подразбира судир меѓу јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службените лица, во којшто службеното лице има приватен интерес, што влијае или може да влијае врз вршењето на неговите јавни овластувања и должности."

Според Меѓународните стандарди и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси „Службен весник на Република Македонија бр:12/2019 од 19.01.2019 година неспорно е дека јавниот интерес мора да биде на прво место, дека транспарентноста на процесот на донесување одлуки е од исклучително значење, индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување и организација која не толерира судир на интереси .

**Општ принцип** во спречувањето на судирот на интереси е обврската за органите на управување, раководење и материјално- финансиска контрола како и вработените во јавното претпријатие да дејствуваат во корист на јавниот интерес, без оглед на нивните приватни интереси и да дејствуваат во согласност со принципите на законитост, еднаквост, ефикасност, доверба, независност, јавност, непристрастност, чесност и професионалност.

Во јавното претпријатие органите на управување и раководење и материјално-финансиска контрола, како и за вработените никогаш не треба да бидат мотивирани во извршувањето на работните - службени должности од семејни, етнички, верски, политички или други приватни интереси и иако може да имаат свои лични ставови, предрасуди и уверувања, од нив се очекува да ги ставаат настрана при вршењето на нивните службени должности,меѓутоа, ако личните определби и особини влијаат на правилното извршување на јавна должност, тогаш тие исто така може да доведат до судир на интереси.

**Основната задача** на за органите на управување и раководење и материјално-финансиска контрола како и вработените во јавното претпријатие при извршувањето на нивните службени должности и овластувања е да постапуваат во полза на јавниот

интерес и чесно, фер и непристрасно однесување, од особено значење е да не се вклучат во било каква ситуација која може да ги доведе во состојба на фактички судир на интереси, но и да спречат состојби на потенцијален и на т.н. видлив судир на интереси. Непријателството, како и самото пријателство, може да доведе до вистински судир на интереси доколку службеното лице во своето постапување им даде предност на истите.

**Форми на судир на интереси** Судирот на интереси може да биде вистински / фактички, видлив и потенцијален. ▪ Вистински судир на интереси вклучува директен судир помеѓу тековните обврски и одговорности на службеното лице и неговите постојни приватни интереси. Видлив судир на интереси се однесува на ситуација каде што постои личен интерес кој што разумно од страна на другите би можело да се смета дека влијае на извршувањето на должностите на службеното лице, иако всушност не мора да постои такво несоодветно влијание или воопшто нема влијание. Потенцијален судир на интереси постои кога службеното лице има приватен интерес што би можело да биде во судир со неговата службена должност во иднина. Препознавањето и дефинирањето на разликите меѓу вистинскиот и видливиот, односно потенцијалниот судир на интереси е од значење заради идентификувањето на истиот, а оттаму и во одредувањето на соодветниот пристап за управување.

## ОПШТО ЗА КОРУПЦИЈАТА

Под корупција се подразбира злоупотреба на функцијата на органите на раководење и управување во јавното претпријатие, злоупотерба на службената должност на вработените во остварување на корист , директно преку посредник за себе или за друг.

Судирот на интереси е потенцијален ризик што доколку соодветно не се управува претставува влез во корупцијата.

Корупцијата секогаш вклучува и судир на интереси, иако не значи дека сите случаи на судир на интереси се и случаи на корупција. Затоа, јавното претпријатие ќе се стреми кон во навремено и правилно управување со судирот на интереси.

## ТРАНСПАРЕНТНО РАБОТЕЊЕ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Со планот за спречување на корупција се предвидува јавното претпријатие да обезбеди добро управување преку транспарентно работење и создавање ефективни мерки за откривање на судир на интереси и прифаќање и ефектуирање на принципите наведени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси .

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ КОИ КЕ СЕ ПОЧИТУВААТ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

**Начело на законитост** - Во јавното претпријатие секој е должен во вршењето на работата од негов делокруг да постапува согласно уставот и законите и никој не смее да ја користи функцијата или службеното овластување и положба за својот личен интерес или за интерес на трето лице , а на штета на јавниот интерес.

**Начело на интегритет** -Сите вработени, избрани или именувани лица во јавното претпријатие се должни во вршењето на својата функција да постапуваат совесно, чесно, стручно, одговорно ефикасно и непристрасно. Исто така се должни да внимаваат на евентуален судир на интереси и при извршување на јавните овластувања и должности на смее да се раководи од лични, семејни врски, верски, партиски и етнички интереси. Вработените во јавното претпријатие не треба да подлегната на ветувања и притисоци од претпоставениот во јавното претпријатие или некое друго лице.

**Начело на еднаквост**-Секој има право на еднаков пристап кон вршењето на работи од јавен интерес и еднакво постапување од страна на носителите на лицата кои вршат јавни овластувања и службени должности.

**Начело на јавност** -Секој вработен во јавното претпријатие има право на слободно настапување на пазарот и на слободен натпревар, без страв дека може да биде жртва на монополско или дискриминаторско однесување.

**Начело на заштита и одгворност** -Секој вработен во јавното претпријатие има право да пријави сомневање или сознание за корупција, а секој кој е оштетен од коруптивно дело има право да бара надоместок на штета и изгубена добивка од страна на сторителите на корупција или од правно лице за кое сторителот вршел функција.

**ОПШТО ЗА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС,**

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под поимот „јавен интерес“ се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата. Службените лица во јавното претпријатие во спречувањето на судирот на интереси имаат обврска секогаш да дејствуваат во корист на јавниот интерес, без оглед на нивните приватни интереси и да дејствуваат во согласност со принципите на законитост, еднаквост, ефикасност, доверба, независност, јавност, непристрастност, чесност и професионалност. Службеното лице никогаш не треба да биде мотивирано во извршувањето на неговите службени должности од семејни, етнички, верски, политички или други приватни интереси. Службените лица може да имаат свои лични ставови, предрасуди и уверувања, но во

работата во јавното претпријатие од нив се очекува да ги стават настрана при вршењето на нивните службени должности. Не е дозволено личните определби и особини влијаат на правилното извршување на јавна должност, а тоа може да доведе до судир на интереси.

## ОДНЕСУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВО КОРИСТ НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

Во јавното претпријатие, владеењето на правото вклучува почитување на сите важечки законски и подзаконски прописи.

Службените лица во јавното претпријатие треба да ги применуваат етичките стандарди и вредности а тоа се: интегритетот, чесноста, непристрасноста, лојалноста доверливоста и почит кон луѓето. Сужбените лица може да придонесат за зголемување на довербата на граѓаните преку почитување на правото и етичките вредности во јавното претпријатие . Приватните односи не смее да имаат влијание во извршувањето на службените задачи и треба самите да се преиспитаат дали нивните приватни интереси или тие на нивните блиски лица се во судир со службените обврски. Имено, доколку службено лице учествува или одлучува за работи за кои тој или нему блиско лице имаат приватен интерес, должен е да го пријави приватниот интерес, да побара да биде изземен и да запре со своето постапување. Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

Службеното лице во јавното претпријатие ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести директорот во јавното претпријатие каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.

Службеното лице не смее да користи јавна функција за да се здобие со било каква материјална или нематеријална корист или да се однесува на начин што покажува желба да се здобие со таквата корист.

Само јасна поделба помеѓу личните интереси и службените должности гарантира слободно одлучување. Прифаќањето подароци и учеството во зделките или пак користење на влијанието од позиција на моќ, ја ограничува оваа слобода.

Службено лице во јавното претпријатие не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси забрането е влијание на претставник на извршната власт при постапки за вработување или унапредување на блиски лица во органот во кој е избран или именуван или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој лицето е избрано, односно именувано.

Избрано или именувано лице или одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да ја извести ДКСК за секој избор, именување или вработување, унапредување на член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од десет дена од денот на извршениот избор, именување, унапредување или вработување.

Правните лица што се во сопственост на министер или заменик министер и на нивните блиски лица, не можат:

- да воспостават деловни односи со министерството со кое раководи министерот, или е заменик министер, во времето кога ги извршуваат функциите и
- да користат грантови, заеми односно финансиска поддршка од државата. 10

## МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД СУДИР НА ИНТЕРЕСИ И КОРУПЦИЈА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

За да се избегне судир на интереси, неопходно е свест, волја, посветеност и ангажираност во избегнување на состојби на судир на интереси со давање на личен пример и охрабрување на вработените да ги препознаваат состојбите на судир на интереси;

Проширување на знаењето за тоа што е судир на интереси и како да се избегне со посетување на обуки од оваа област,користење публикации, експертски мислења и платформи за е-учење

Службените лица во јавното претпријатие треба да посетуваат школи за јавна администрација за развивањето и всадувањето на стандарди во етичките рамки на јавните службеници. Обуката може да ги развие вештините што се неопходни за етичка анализа и за морално резонирање.должни да обезбедат дневна работа, да постапуваат во согласност со релевантните барања на „должноста да се грижи" за да ги заштити здравјето и безбедноста на другите на работното место, да избегнуваат небрежно однесување..

Непостапувањето во согласност со овие принципи би можело да резултира со санкции, во согласност со договорот за вработување.

Етичките стандарди во јавното претпријатие треба да се применуваат и да се знаат границите на прифатливо однесување. Законите и другите прописи кои го регулираат работењето на вработените во јавното претпријатие претставуваат рамка за задолжителните принципи и стандарди на однесување.

Службените лица во јавното претпријатие знаат кои се нивните права и

обврски, јасни правила и процедури што треба да се почитуваат, а ја знаат и својата одговорност.

Во работата на јавното претпријатие професионалноста е од суштествено значење за непречено функционирање на јавното претпријатие.

Со одбивање на подароците и на придобивките, службените лица можат да избегнат да се чувствуваат компромитирани, односно како лица што придонесуваат кон јавниот впечаток на пристрасност . Сите понуди за подароци и придобивки, па дури и оние одбиените, веднаш треба да ги пријават на претпоставениот. Писмената белешка од вработениот треба да уследи што е можно побрзо по првичното усно пријавување. Оваа белешка треба да го содржи следново: Дата, време и место на инцидентот; Кому му бил понуден подарокот или придобивката; Кој го понудил подарокот или придобивката и детали за контакт (доколку се познати); Одговорот на понудата;Сите други релевантни детали за понудата, и Потпис на составувачот на белешката и дата.

## ПОСТАПУВАЊЕ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Спроведувањето на јавните набавки во јавното претпријатие се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност. При спроведувањето на јавните набавки јавното претпријатие е должно да ги почитува обврските за заштита на животната средина, социјалната политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

Процесите на набавка во јавното претпријатие се транспарентентни. Барањата за набавка и правилата и критериумите за донесување на одлуката за јавна набавка се лесно достапни за сите потенцијални снабдувачи и изведувачи, а се објавени како дел од поканата за поднесување понуди.

Отворањето на понудите во јавното претпријатие е јавно, а сите одлуки целосно да се евидентираат во електронска и писмена форма.

Во јавното претпријатие одговорноста при спроведување на набавките е суштествена, а основен принцип по кој службените лица во јавното претпријатие кои спроведуваат јавни набавки е јавната набавка да биде економична и да резултира со најдобар квалитет на стоки и услуги платената цена. Во јавното претпријатие при донесувањето на одлуките за набавки, се оценуваат и цената и квалитетот;

Службените лица во јавното претпријатие се залагаат одлуките за доделување договор да бидат фер и непристрасни, а стандардите и спецификациите да бидат недискриминирачки.

Во јавното претпријатие службените лица се залагаат економските оператори

да ги изберат врз основа на нивните квалификации и според вредноста на нивните понуди, а се спроведува еднаков третман на сите потенцијални економски оператори.

## ОПШТИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Јавното претпријатие во јавните набавки се јавува како договорен орган и притоа Службените лица се должни да ги преземат сите потребни мерки во процесот на планирање, во постапката за јавна набавка и при извршување на договорот, со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од корупцијата.

Одговорното службено лице и другите раководни службени лицаво јавното претпријатие се должни на лицата за јавни набавки сите наредби и упатства да им ги дадат во писмена форма или со користење електронска пошта.

Службеното лице кое работи на конкретна јавна набавка е должно во писмена форма да го одбие извршувањето на наредбата и упатството од одговорното или други раководни лица во јавното претпријатие , ако истото е спротивно на Законот за јавните набавки.

Пријавување на корупција како мерка се состои во тоа што службено лице кое е ангажирано во постапка за јавна набавка во јавното претпријатие или секое заинтересирано лице кое има информации за сторена корупција е должно за тоа да ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата или Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Во јавното претпријатие на лицето кое пријавило корупција, кое постапило совесно и од добра намера, не смее да му прекине работниот однос во јавното претпријатие заради пријавена корупција и не смее да е префрлено на друго работно место.

Службено лице од јавното претпријатие кое учествувало во постапки за јавни набавки, каде што вкупната вредност на договорите доделени на одреден носител на набавка во последната година пред престанок на функцијата или на работниот однос е поголема од 5% од вкупната вредност на сите договори кои јавното претпријатие орган ги склучило во тој период, или со него поврзани лица, не смее во рок од две години од престанокот на функцијата или на работниот однос во јавното претпријатие :

а) да заснова работен однос, да склучи договор на дело или на кој било друг начин да биде ангажирано кај тој носител на набавка или кај субјекти поврзани со носителот на набавка;

б) посредно или непосредно да прима паричен надоместок или да оствари каква било друга корист од носителот на набавка или со него поврзани субјекти, и/или

в) да стекне удел или акции кај носителот на набавка или кај субјект поврзан со носителот на набавка.

Доколку дојде до прекршување- повреда на горенаведените правила јавното претпријатие и службените лица се должни да ја известат Државната комисија за

спречување на корупцијата и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Во определени случаи заради заштита на интегритетот на постапката за јавна набавка во јавното претпријатие , јавното претпријатие и службените лица се должни да:-го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор доколку утврди дека на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:

- учество во злосторничко здружување,
- корупција,
- затајување даноци и придонеси,
- тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
- перење пари и финансирање тероризам и
- злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.

## ПЛАНИРАНИ НАЧИНИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Службените лица во јавното претпријатие треба при вршење на јавните набавки да ги избегнуваат следниве ситиуации пред да се доделат договорите, во јавното претпријатие :

-да се изготви спецификации со кои ќе се фаворизира посебен снабдувач;
-да се ограничи информациите за можностите за добивање договори;
-да се тврди дека е итно, како изговор за доделување на договор на еден зведувач, без претходен конкурс;
-да ја прекрши доверливоста на понудите на економските оператори;
-да ги дисквалификува потенцијалните економски оператори преку несоодветни барања за претквалификацијаи
-да зема мито.

Службените лица во јавното претпријатие треба при вршење на јавните набавки да ги избегнуваат следниве ситиуации кога економскиот оператор може:

-да ги фалсификува сертификатите за квалитет или стандардите
-фактурите да бидат пренаплатени или недоплатени, и да ги поткупува лицата кои се најмени да вршат надзор.

Доколку економскиот оператор дал поткуп или, понудил нереално ниски цени во понудата, со цел да го добијат договорот, неговата можност да ги поврати овие трошоци се јавува во текот на изведбата на договорот. Иницијативата може да дојде од обете страни, но за да успее, корупцијата бара или активна

соработка или небрежност во извршувањето на должностите, од друга страна. На крај, може со нискоквалитетни производи да ги заменат оние производи кои претходно биле барани или понудени во нивната понудата. Тие можат да ги фалсификуваат количествата стоки или услуги кои биле испорачани, кога ќе ги поднесат барањата за исплата, и да им платат уште мито на лицата задолжени за надзор на договорот, наведувајќи ги да замижат пред несовпаѓањата. Освен прифаќањето на митото и неуспехот да се спроведат стандардите за квалитет и за изведба, купувачите можат да ги пренасочат испорачаните стоки и услуги за приватна употреба или за повторна продажба.

## ПЛАН ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ВО ЈАВНА НАБАВКА

Службените лица во јавното претпријатие применуваат транспарентност во борбата против корупцијата при јавните набавки преку објавување на сите повици за тендер. Клуч за транспарентност и праведност е службените лица во јавното претпријатие да ги отворат понудите во одреденото време и на одредено место, во присуство на сите понудувачи или нивни претставници.

Оценувањето на понудите е еден од чекорите во процесот на набавка за кој е најтешко да се изведе коректно и праведно. Истовремено тоа е еден од најлесните чекори што можат да се изманипулираат, доколку некој сака да го насочи доделувањето кон некој фаворизиран снабдувач. Оценувачите можат да ги одбијат непосакуваните понуди поради процедурални работи – поправки, неозначување на страница – или поради отстапувања од спецификациите за кои тие одлучуваат дека се значајни.

## ВКЛУЧЕНОСТ НА ЛИЦА ОД НАДВОР ПРИ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Ефектите за борба против корупцијата обично можат да бидат зајакнати со додавање на два елемента: навременоста на постапките и вклученоста на лица однадвор. Улогата на лицата однадвор воглавно се однесува на спречување на воспоставувањето односи со лица однатре во текот на процесите за донесување одлуки и спроведување. Како и надворешните ревизори, и лицата однадвор треба да обезбедат експертиза во комбинација со интегритет.

**14.април 2021, Кичево**

**Претседател на Управниот одбор**
**Саит Абазоски**